Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 32/0306
22.02 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 1 февруари 2024 година, врз основа на примена жалба од ЈПЗБК Стационар – Лана - Струмица ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Текстот со наслов „Анима мунди: Да запре убивањето кучиња во ЈП Лана, Струмица и да се овозможи непречен влез на активистите!“, објавен на инернет порталот на неделникот „Фокус“ на 24.01.2024 отстапува од професионалните и етичките стандарди утврдени во членот 1 од Кодексот на новинарите и од Насоките за етичко известување на он-лајн медиумите.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на 26 јануари 2024 година, ЈПЗБК Стационар – Лана - Струмица подонесе жалба за текстот со наслов: **„Анима мунди: Да запре убивањето кучиња во ЈП Лана, Струмица и да се овозможи непречен влез на активистите!“**, објавен на 24.01.2024 на интернет порталот на неделникот „Фокус“.

Во жалбата се наведува дека во оспорената содржина има елементи на прекршувања на етиката по следниве основи: Неточно и нефер известување, незастапена втора страна, говор на омраза и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Жалителите велат дека „Ниту сме комуницирани, ниту имавме шанса да дадеме наше објаснување за наведените обвинувања и навреди пренесени од страна на „Фокус“. До медиумот е поднесено барање за демант кој очекуваат да биде објавен.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со неделникот „Фокус“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

До денот на одржување на седницата на Комисијата не беше доставен одговор.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови одлучи дека во текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија и од Насоките за етичко известување на он-лајн медиумите.

1. *Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 1 февруари 2024 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Одделни членови на Комисијата сметаа дека нема прекршување на Кодексот, од причина што, доколку се обработува како тема, може да се бара втора страна и опширно да се обработи, но станува збор за соопштение од невладина организација и дескот во редакциите има целосно право да го објават. Па дека „Лана“ исто може да се јави со реакција, па да се направи вест во низа, како што впрочем е и направено - објавен е демантот. Според нив, мора да се прифати дека времињата се менуваат, информативните портали работат од минута за минута, и имаат право да објават соопштение од најголемото здружение за заштита на животни, а потоа и став на стационарот.

Други членови сметаа дека и покрај менувањето на начинот на работа на медиумите, како резултат на развојот на технологијата, почитувањето на професионалните стандарди треба да остане приоритет во работењето. Тоа значи дека требало да се побара втора страна.

Некои членови од Комисијата сметаа дека од текстот не се знае дали станува збор за соопштение од „Анима мунди“ или пак за изјава од тоа здружение за „Фокус“. Исто така фактот дека соопштението-изјавата е објавена на 24 јануари за настан кој ќе биде после четири дена, оди во прилог на потребата редакцијата на неделникот да се обрати до „Лана“, а не да чека деманти од неа. Ова од причина што станува збор за тема од јавен интерес. Оттука и потребата од посеопфатна обработка на темата за заштитата на животните. Голото

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

преземање на соопштенија или нивното пренесување, во случај кога има обвинувања за незаштитување на голем број животни, третирани нехумано, личи и на сензација, бара поголемо внимание од медиумите во третирањето на темата, што подразбира проверка на изнесените обвинувања и од другата страна.

Комисијата го поздравува професионалниот приод на „Фокус“ кој го објавил демантот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре образложено.

Во работата на седницата учествуваа следните членови на Комисијата: Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Димитар Мицев, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Во согласност со член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби бара од „Фокус“ да ја објави оваа Одлука во рок од три дена од добивањето.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595